ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 31.01.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна посета на директорот на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова во Битола
## ФЗОМ - Отворени денови за граѓаните

Директорката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија м-р Маја Парнарџиева Змејкова денеска беше во еднодневна работна посета во Битола.

Фондот од 13:00 до 15:00 часот организираше средба со граѓаните по мото - Отворени денови за граѓаните. На оваа средба граѓаните добија одговор за своите прашања, дилеми и истовремено имаа можност да дадат свои предлози и сугестии до првиот човек на ФЗОМ, директорката, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и до нејзиниот тим.

Корисни предлози беа дадени и од матичните лекари за работењето преку веб порталот на Фондот. Воедно, матичните лекари изразија задоволство од електронските услуги на Фондот, како што се електронските фактури и електронските договорите, кои во пракса им овозможуваат на матичните лекари да трошат помалку време на администрација и да им посветат повеќе време на пациентите.





Темите од интерес на граѓаните беа поврзани за проектот на електронската здравствена картичка, за лековите, електронските услуги на Фондот, условните буџети и превенцијата.

Посетата на директорката на ФЗОМ и на нејзиниот тим е во насока на унапредување на условите за работа на подрачните служби на Фондот и подигнување на квалитетот на услугите кои Фондот ги обезбедува за своите осигуреници.